Проект „Унапредување, обликување и поддржување на слободите на интернет“

# АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Автор:
Елена Стојановска

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

APC
ASSOCIATION FOR PROGRESSIVE COMMUNICATIONS

# ВОВЕД

Целта на оваа анализа е да даде преглед на состојбите со законските рамки поврзани со медиумите во Република Македонија во изминатиот и тековниот период. Анализата е развиена како дел од активностите на проектот „ Унапредување, обликување и поддржување на слободите на интернет" спроведуван од Фондацијата за интернет и општество - Метаморфозис, а поддржан од Асоцијацијата за прогресивни комуникации (АПС).

Главните цели на проектот „ Унапредување, обликување и поддржување на слободите на интернет" се: унапредување на знаењето и разбирањето за состојбите поврзани со заштита на основните човекови права на интернет во Република Македонија, градење на капацитети на граѓанските организации и медиумите, олеснување на процесот на споделување на знаење и добри практики помеѓу граѓаните, граѓанските организации и медиумите.

Содржината на текстот е единствена одговорност на авторите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Фондацијата за интернет и општество - Метаморфозис и на Асоцијацијата за прогресивни комуникации (АПС).

Развојот на информатичката технологија и порастот на користењето на интернетот во фокусот на дебата ги става прашањата за индивидуалната приватност и заштитата на приватноста од страна на државата и општеството. Потребата од правно регулирање на заштитата на приватноста како едно од фундаменталните човекови права произлегува од фактот што приватноста станува колективна вредност условена од технолошкиот напредок кој неизбежно наметнува сите индивидуи да имаат можност за сличен степен на приватност. За да може да се обезбеди минимум степен на заштита, при креирањето на законската рамка за заштита на приватноста мора да се земат предвид и културните, моралните и обичајните вредности на едно општество. Релативноста на приватноста може да се разгледува од два аспекти, првиот го отвора прашањето дали приватноста има иста вредност за сите луѓе или пак нејзината вредност зависи од културните разлики, додека вториот аспект се однесува на тоа дали одредени аспекти од животот се по дефиниција приватни или не.

Кога станува збор за судирот меѓу правото на приватност и правото на заштита на личните податоци, од една страна, како и правото на слобода на изразување и информирање од друга страна, може да се констатира дека тоа е честа појава. Тоа се случува помеѓу поединци, па дури и почесто помеѓу поединците и медиумите. Право и должност на државата е да го ограничи правото на медиумите кога претерано влијаат во однос на правото на приватност и заштитата на личните податоци. Ограничувањето на правата треба да биде во разумни рамки и со obsир кон вредностите, при што поединецот треба да помине низ одредени пречки кои што не може разумно да се избегнат; имено, поединците, до одреден степен, можат да бидат повикани да ги жртвуваат своите права за оние кои се во заеднички јавен интерес.

Во современиот свет, медиумите, вклучувајќи ги тука и интернет медиумите, станаа екстремно моќни и не случајно го добија статусот на седма сила и четврта гранка на власта. Поседувајќи ја оваа моќ, медиумите честопати навлегуваат и премногу во приватноста на луѓето. Кога се случува навлегувањето на медиумите во приватноста може да се констатира дека постои колизија помеѓу правото на слобода на изразување

и правото на приватност. Ова исто така се случува и кога медиумското работење во целина не е усогласено со начелата за заштита на приватноста. Заштитата на личните податоци не е поставена само како право кое ја штити приватноста на едно лице туку во голема мера се однесува и на заштита на приватноста при информирање. Иако станува збор за релативно нов концепт во областа на човековите права, заштитата на приватноста е под големо влијание на глобалните трендови и исклучително брзиот развој на информациската технологија. Овие причини ја наметнуваат и потребата за усогласување на медиумите со регулативата и праксата од оваа област.

Националната правна рамка не ги издвојува интернет медиумите како посебен вид медиуми, а со тоа и не претпоставува посебен вид на ризици по човековите слободи и права. Интернетот игра значајна улога во подобрувањето на пристапот до информации како и во општото ширење на информациите. Истовремено, ризикот од ширење на штетни содржини и комуницирање преку интернет за остварување на човековите права и слободи, особено правата на почитување на приватноста, секако е поголем од оној кој го има кај традиционалните медиуми.

1

# МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА

# МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА

## ПОВЕЛБА ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА НА ЕУ

Членот 8 од Повелбата за фундаменталните права на ЕУ[1] се однесува на заштитата на личните податоци и претставува еден вид на дополнување на Европската конвенција за човекови права со тоа што пошироко го опфаќа правото на приватност.

Согласно Повелбата за фундаменталните права на ЕУ: „секој има право на заштита на личните податоци кои се однесуваат на него / неа. Ваквите податоци мора да се обработуваат само за конкретни цели и со согласност на засегнатото лице или некоја друга легитимна основа утврдена со закон. Секој има право на пристап до податоците собрани за него или неа и право за исправка на истите. Почитувањето на овие правила ќе подлежи на контрола од страна на независен авторитет“.



За разлика од Европската конвенција за човекови права, Повелбата ги поставува и начелата за заштита на личните податоци кои имаат за цел да воспостават услови под кои обработката на личните податоци е правична и законска. Начелата за заштита на личните податоци опфаќаат правично и законито собирање и обработка; ограниченост според цели; неопходност; веродостојност на личните податоци и нивно ажурирање и временски ограничено чување на личните податоци. Вака поставениот член преточен во националната легислатива за заштита на личните податоци ги обврзува оние кои се одговорни да ги почитуваат и применуваат вредностите за заштита на оваа категорија податоци и им доделува право на граѓаните на заштита на личните податоци, доколку ова право биде злоупотребено. И конечно, тоа обезбедува надзор од страна на независни органи за заштита на личните податоци.

1 http://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf

Во поглед на правото на слобода на изразување, во членот 11 се предвидува дека „ секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на свои ставови и на примање и давање информации и идеи без замешување од страна на некој државен орган и без оглед на границите. Слободата и плурализмот на медиумите мора да се почитуваат".

## ДИРЕКТИВА 95/46/ЕС НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И СЛОБОДА НА ПРЕНОС НА ТАКВИТЕ ПОДАТОЦИ

Директивата 95/46/ЕС[2] е референтен текст кој на европско ниво ја регулира заштитата на личните податоци и ја поставува регулаторната рамка која има за цел воспоставување на баланс помеѓу високиот степен на заштита на приватноста на индивидуата и слободното движење на тие податоци. За да го постигне тој баланс, Директивата поставува строги ограничувања на собирањето и користењето на собраните лични податоци, а предвидува и секоја земја во ЕУ да формира независно тело задолжено за надзор над обработката на личните податоци.

Генерално Директивата се однесува на личните податоци кои се обработуваат автоматски но и на податоци кои се собираат во хартиена форма. Одредбите на Директивата не се однесуваат на обработка на лични податоци од страна на физички лица, лични податоци собрани заради разни активности во домот како и на активности кои се поврзани со јавната безбедност.

Како клучен пропис од оваа област, Директивата јасно ги прецизира принципите на заштита на личните податоци кои треба да се содржани во секој национален закон за заштита на личните податоци.

2 http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:31995L0046:en:HTML

2

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУЛИКА МАКЕДОНИЈА

Генералната рамка за развој на начелата за заштита на личните податоци како фундаментално право на човекот и граѓанинот ја дефинираат следните одредби од Уставот на Република Македонија[3]. Во членот 18 се наведува - „ се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците."

Дополнително, членот 25 предвидува дека „на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот."

Во 2005 година донесен е Законот за заштита на личните податоци[4] кој е клучен пропис во оваа област. Законската рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија ја дополнува и Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци[5], како и Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци[6], во врска со надзорните тела и прекуграчичниот пренос на податоци.



Со донесувањето на Законот воспоставен е еден нов концепт во Република Македонија кој подразбира вклучување на правото на приватност во нашиот правен систем, заштита на правото на приватност на граѓаните, поконкретно заштита на нивните лични податоци. Со Законот за заштита на личните податоци, приватноста станува компонента на новото

3 https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
4 https://dzlp.mk/sites/default/files/pdf/Zakon_za_zastita_na_licnite_podatoci_2005.pdf
5 https://dzlp.mk/sites/default/files/pdf/Zakon_za_ratifikacija_na_Konvencijata_108.pdf
6 https://dzlp.mk/sites/default/files/pdf/Dopolnitelen_protokol_Konvencija_108.pdf

општество, а не само индивидуална потреба. На граѓаните им е дадена моќ да ги контролираат и да влијаат врз „господарите на информации", со тоа што сами определуваат кои од нивните лични податоци ќе бидат јавни, а кои не. Воспоставувањето на правна и институционална рамка за заштита на личните податоци претставува исклучително важен момент во историјата на заштитата на човековите права во Република Македонија, но и огромен предизвик. Основните принципи предвидени во Законот треба да бидат лесно применливи во праксата, без разлика дали станува збор за обработка на лични податоци од страна на контролорите или за развивање на правила и политики на работа кои се тесно поврзани со заштитата на приватноста на граѓаните.

И покрај постоењето на комплексна правна регулатива за заштита на личните податоци, јавното информирање во сите домашни и странски прописи за заштита на личните податоци потпаѓа во категоријата на исключоци. Токму поради тоа, за целосна и успешна имплементација на законските прописи кои ја гарантираат заштитата на личните податоци од огромно значење е и тоа како правно е уредено јавното инфромирање.

Слободата на јавно изразување на мислата е едно од фундаменталните слободи на граѓаните во Република Македонија. Слободата да се изрази став или мислење за одредно прашање подразбира можност тој став или мислење некој и да го слушне, прочита или да го види преку средствата за јавно информирање, но и директно доколку се упатува некому лично. Таа слобода, меѓутоа, подразбира тој што ја слуша изговорената мисла (став) и да не се согласи со неа, па дури и да побара исправка или демант на кажаното. Тоа значи дека со мислењето не треба да се дерогира или навреди некоја од слободите или правата на другите луѓе, на што особено треба да се внимава.

Основната рамка што ја гарантира слободата на јавното информирање во Република Македонија ја дава највисокиот законодавен акт - Уставот. Во член 16 од Уставот на Република Македонија стои:

"Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информи-

рање, слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување информации, правото на одговор во средствата за јавно информирање, правото на исправка во средствата за јавно информирање, правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање, цензурата е забранета."

Кога станува збор за воспоставувањето на баланс помеѓу правото на приватност и правото на слобода на изразување, во Законот за заштита на личните податоци (член 4-а) се предвидени исклучоци, а еден од нив го вклучува јавниот интерес како одредница при ценењето на повредата на правото на заштита на личните податоци:

*„Одредбите од овој закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши за професионалното новинарство, само во случај ако јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци."*

Со овој член се врши допрецизирање на исклучоците на примена на одредбите од Законот за заштита на личните податоци во вршењето на професионалното новинарство. Имено, целта на вака поставениот член е да се обезбеди поголема заштита на приватноста на субјектите на личните податоци кога нивните податоци се обработуваат за цели на професионалното новинарство.



Главна интенција на оваа одредба е дека при вршењето на обработка на личните податоци на одреден субјект за цели на професионално новинарсто е да се обезбеди претходна согласност од субјектот на личните податоци за истото. Ваквата формулација покажува дека „привилегираната" положба на новинарите, не значи дека тие не треба да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, особено имајќи ги предвид член 10 од Европската Конвенција за човекови права каде е регулирана слободата на изразување и ограничувањата на таа слобода и Кодексот на новинарите каде во точка 7 јасно стои дека новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога е тоа во спротивност со јавниот интерес. Во продолжение на оваа одредба стои дека новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост. Идејата е во тоа да се процени кога преовладува јавниот интерес, а кога приватниот интерес на личноста.

3

# ОЦЕНКИ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ИЗВЕШТАИТЕ НА ЕУ



# ОЦЕНКИ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ИЗВЕШТАИТЕ НА ЕУ

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА ЕУ

Во Годишниот извештај за напредокот на ЕУ за 2016 година[7] се истакнува дека Дирекцијата за заштита на личните податоци се стреми кон зајакнување на своите капацитети преку тренинзи, нови постојани вработувања и зглоемен буџет. Во делот на инспекциски надзор, извршени се 394 надзори во јавниот и приватниот сектор. Дирекцијата добила вкупно 393 поплаки од кои се заклучува дека најчести се злоупотребите на личните податоци на интернет, односно, на социјалните мрежи. Се констатира дека се потребни дополнителни напори за да се осигура целосна хармонизација на законодавството со законот за заштита на личните податоци, а исто така потребна е поконкретна примена на прекршочните одредби. До моментот на објавување на Извештајот, Дирекцијата нема преземено активности во врска со скандалот со нелегалното следење на комуникациите на граѓаните и исто така не реагирала на претставките поднесени од страна на членови на невладини организации, а во врска со објавување на нивните лични податоци од страна на неколку медиуми. Потребни се дополнителни напори да се зацврсне политичката независност на Дирекцијата и за да се заземе проактивен пристап во делувањето. Новиот закон за приватност треба да биде усолгасен со препораките од Венецијанската Комисија.



7 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

## ПРЕПОРАКИ ОД ГРУПАТА ОД ВИСОКИ ЕКСПЕРТИ ЗА СИСТЕМСКИТЕ ПРАШАЊА ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СЛЕДЕЊЕТО НА КОМУНИКАЦИИТЕ – 2015 И 2017 ГОДИНА

Во Препораките на Групата од 2015 година[8] е наведено дека генерално, Дирекцијата функционира добро и со високо ниво на професионалност и дека оваа институција има добиено значителна меѓународна поддршка. Сепак, загрижувачки е што Дирекцијата за заштита на податоци не беше поактивно вклучена во истражувањето на очигледниот недостаток на заштита на податоци, потенцијалното несоодветно и неконтролирано регистрирање на телефонски броеви, како и упад во правото на приватност преку потенцијален неовластен надзор. Групата беше информирана дека Директорот верува дека не може да дејствува додека се спроведуваат кривичните истраги и дека претпочита да не презема активности за да не биде критикуван за бирање на страна во актуелната ситуација. Дирекцијата, исто така, укажа на фактот дека нема добиено никакви жалби.

Групата ја разбира чувствителноста на прашањето, но сепак, една независна институција не може да биде обвинета дека се користи политички сѐ додека дејствува во рамки на нејзините овластувања (и мисија) и тоа го прави без селективност. Ставот за непреземање активности како таков е изјава за страв и подлежи на критика бидејќи со тоа Дирекцијата покажува дека ризиците од заплашување од трети страни управуваат со процесот на носење одлуки во рамки на една независна институција.

Групата понатаму забележа дека, всушност, Дирекцијата не е исклучена од истражувањето на повредата на правото на приватност и заштита на податоците ако се спроведуваат кривични истраги. Јавниот обвинител го потврди ова во текот на состанокот со групата. Се чини дека националните законски прописи не ја спречуваат Дирекцијата да спроведува истраги во однос на откриените прислушувани снимки.

8 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf

Во Препораките од 2017 година[9], Групата констатира дека со спроведу-вањето на инспекцискиот надзор од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци во УБК, Дирекцијата станува единствена институ-ција која преземала конкретни чекори за истражување на злоупотре-бите на личните податоци на граѓаните од страна на УБК. Дирекцијата спровела надзор, дала конкретни мерки и извршила контролен надзор за да се увери дали мерките биле спроведени.



9 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf

# ОПШТА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ – НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕФОРМАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКОНОДАВСТВА



# ОПШТА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ – НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕФОРМАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКОНОДАВСТВА

Се поголемата електронска обработка на личните податоци, експанзијата на користењето на интернетот како и глобалниот развој на бизнисот ја наметнаа потребата од модернизирање и проширување на регулативата за заштита на личните податоци на европско тло. Општата регулатива за заштита на личните податоци е донесена[10] на 27 април 2016 година со што се отворени реформските процеси во областа на заштитата на личните податоци, при што истата е со транзиционен период од две години и во Европската унија ќе започне да се применува од 25 мај 2018 година. Со цел транспонирање на одредбите на регулативата во националното законодавство, се очекува донесување на нов закон за заштита на личните податоци чиј што предлог[11] е веќе изработен.



Во Општата регулатива за заштита на личните податоци, како и во предлог законот за заштита на личните податоци, во поглед на обработката на личните податоци и слободата на изразување и информирање, се предвидува дека обработката извршена за новинарски цели или за целите на академско, уметничко или литературно изразување, одредени законски одредби може да се исклучат или да се отстапи од нив, доколку тоа е потребно заради балансирање на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање. Ова, особено се применува во однос на обработката на личните податоци во аудиовизуелната област и во новинските архиви (news archives), како и во библиотеките со печатени изданија (press libraries). Одредбите од законот нема да се применуваат врз обработката на личните подато-

10 http://ec.europa.eu/justice/data-protection/reform/files/regulation_oj_en.pdf
11 https://dzlp.mk/sites/default/files/u4/predlog_zakon_za_zashtita_na_lichnite_podatoci.pdf

ци што се врши за новинарски цели, само во случај ако јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци.

При процесот на балансирање на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање се земаат во предвид следните критериуми:

- природата на личните податоци
- околности под кои се добиени личните податоци
- влијанието на објавената информација кон дискусијата за јавниот интерес
- колку е познато засегнатото физичко лице и кој е предметот на информацијата
- претходно поведение на засегнатото физичко лице
- претходна согласност на засегнатото физичко лице
- содржината, формата и последиците од објавувањето на информацијата

Освен оваа одредба, значајно за слободата на изразување на интернет е правото да се биде заборавен кое за прв пат се наоѓа како предлог законска одредба. Правото да се биде заборавен е концепт кој е првично произлезен од барањата на индивидуи да се ограничи натамошното обработување на нивните лични податоци на интернет и да се спречи постојана или периодична стигматизација како резултат на нивните активности во минатото со бришење на нивните лични податоци од сите пребарувачи. Овој концепт предизвикува многу дебати, особено кога се доведува во корелација со правото на слобода на изразување и правото на приватност. Главното прашање кое се поставува е дали доколку постои правото да се биде заборавен на интернет ќе се намали на квалитетот на користење на интернетот со тоа што практикувањето на ова право ќе значи цензура преку прегледување на интернет историјата.

Во обид да се испочитува правото да се биде заборавен и да се спречи личните податоци кои би се појавуваат со пребарување на интернет да имаат негативно влијание врз корисниците, Општата регулатива за заштита на личните податоци во членот 17 предвидува дека субјектот на

личните податоци има право да побара бришење на личните податоци поврзани со него врз која било основа.

Во предлог законот за заштита на личните податоци целосно се транспонира оваа одредба, а се наведува и дека „кога контролорот ги објавил јавно личните податоци и е должен да ги избрише личните податоци, земајќи ги предвид достапната технологија и трошоците на спроведувањето, контролорот презема разумни чекори, вклучувајќи технички мерки за да ги извести другите контролори кои ги обработуваат личните податоци дека субјектот на личните податоци побарал бришење на сите линкови или копии или репродукции на личните податоци од страна на тие контролори.“

5

# УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Согласно Законот за заштита на личните податоци, субјектот на личните податоци може да ги оствари своите права за утврдување на повреда на правото на приватност со помош на следните правни механизми:

- Барање до Дирекцијата за заштита на личните податоци (Член 18 од ЗЗЛП) - во овој случај, по поднесеното барање од страна на субјектот Дирекцијата мора да реагира по службена должност и да ја разгледа законитоста за објавување на личните податоци земајќи ги предвид сите законски основи.
- Доколку Дирекцијата утврди дека правата на субјектот според Законот за заштита на личните податоци повредени тогаш субјектот на лични податоци има право на надоместок на претрпена штета причинета со обработка на личните податоци или со друга активност, извршени спротивно од одредбите на овој закон, а правото го остварува со поднесување на тужба за надоместок на штета до надлежниот суд (Член 21).
- Дирекцијата може самостојно да поведе прекршочна постапка против контролор на податоци ако личните податоци не произлегуваат од Збирка на лични податоци
- Поднесување тужба за одговорност за надоместок на штета до надлежен граѓански суд - судот мора да одлучи по предметот и да ја разгледа законитоста на објавувањето на личните податоци земајќи ги предвид сите можни законски основи. Тужителот може да ја повлече тужбата во секое време

6

# ПРАКСА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ



# ПРАКСА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Објавувањето на лични податоци во медиумите, само по себе, не претставува прекршување на одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Како што произлегува од условите наведени претходно, објавувањето на лични податоци може да претставува прекршување на заштитата на личните податоци доколку податоците биле незаконски добиени/ собрани од збирките на лични податоци. Доколку медиумот објавува лични податоци кои се дел од одредена збирка на лични податоци или пак се наменети за вклучување во таква збирка, а не постои законска основа (т.е. јавен интерес) или согласност на лицето за објавување, тогаш тоа би можело да претставува прекршување на одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Доколку медиумот објавува лични податоци кои се дел од одредена збирка на лични податоци или пак се наменети за вклучување во таква збирка, а не постои законска основа (т.е. јавен интерес) или согласност на лицето за објавување, тогаш тоа би можело да претставува прекршување на одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Доколку се објават лични податоци, што претставуваат само потврда на некои факти и не претставуваат лични податоци кои произлегуваат од збирка на лични податоци, тогаш тоа нема да се смета за прекршување на одредбите на Законот за заштита на личните податоци; ова сепак не значи дека оштетената страна нема право на судска заштита (граѓанска одговорност).

Кога медиумите објавуваат лични податоци - неопходна е правна основа која може да се најде во согласноста на лицето, основа во кој било закон (како на пример Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер) или во јавниот интерес што преовладува- слободата на изразување преовладува над правото на приватност и заштита на личните податоци.

***СПЕЦИФИЧНИ СЛУЧАИ ОД ПОСТАПУВАЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ПО ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ПО ПОСТАПУВАЊЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ***

- Во 2011 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци констатирала повреда на член 23, став 1 и 3 од Законот за заштита на личните податоци сторена со објавување на документ во ТВ вести кој јасно го покажува името, презимето, адресата и единствениот матичен број на одредено лице. Истиот документ бил објавен и на официјалната интернет страница на телевизиската станица. Иако ТВ станицата му ветила на лицето дека документот ќе биде отстранет, сепак документот останал на веб-страницата на телевизијата. Со тоа, телевизијата не применила соодветни технички мерки за да обезбеди доверливост и заштита на личните податоци, со што го повредила законот, дозволувајќи неовластено откривање на лични податоци.
- Дирекцијата за заштита на личните податоци исто така, постапувала по барање за видео материјал, објавен на ТВ вести и на Youtube канал што го покажувал ликот и телото на лицето. Видео материјалот бил снимен од страна на Министерството за внатрешни работи при претрес на приватни простории. Биле снимени зградата, станот, мебелот, лицето и телото на подносителот. Наредниот ден, по претресот, снименото лице-барател, било притворено. Дирекцијата за заштита на личните податоци заклучила дека постапката во врска со барањето треба да се запре, бидејќи нема повреда на правото за заштита на личните податоци. Инспекторот не утврдил повреда 26 бидејќи лицето не можело да се идентификува врз основа на снимката од камерата.
- Во 2013 година Дирекцијата за заштита на личните податоци констатирала повреда на правото на заштита на личните податоци во следниот случај: На интернет страницата на еден весник бил објавен натпис, заедно со понижувачки коментари,

лични навреди и лаги за одредено лице и неговото семејство. Дирекцијата за заштита на личните податоци одлучила дека медиумот е должен да не обработува и објавува лични податоци, да не врши неправична обработка на податоци или обработка на лични податоци која е преобемна, имајќи ги предвид целите за кои личните податоци биле собрани и обработени. Медиумот требал да примени соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди доверливост и сигурност на личните податоци на индивидуите, во овој случај, медиумот требал да ги анонимизира податоците.

- Во 2016 година, до Дирекцијата за заштита на личните податоци биле поднесени повеќе барања за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци. Едно од нив се однесувало на три интернет портали кои објавиле фотографија од месечни пресметки на плата, заедно со детали за работно искуство, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, придонеси за дополнително здравствено осигурување, придонеси за вработување, Стопанска Комора и колективно осигурување, а друга фотографија, со клеветнички наводи била додадена кон текстот. Иницијативата за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци била одбиена. Имајќи предвид дека податоците се однесувале на директор на јавно претпријатие основано од општина, инспекторот одлучил дека во овој случај јавниот интерес за објавување на пресметката на плата го надминува интересот на индивидуата.
- Поднесени биле и неколку барања од вработени во невладина организација против неколку интернет портали и ТВ станици, бидејќи објавиле податоци за платите на нивните раководители. Дополнително, побарале од Дирекцијата за заштита на личните податоци да изврши вонреден инспекциски надзор во Управата за јавни приходи, бидејќи, како надлежен државен орган, ги поседува сите релевантни податоците за личниот доход на барателите. Дирекцијата за заштита на личните податоци одлучила дека посочените медиуми треба да ги отстранат натписите бидејќи вклучуваат лични податоци на раководители/

директори кои не се носители на јавна функција, ниту пак постои каков било друг јавен интерес да се објават овие податоци. Иако имало обвинувања од медиумите дека Дирекцијата за заштита на личните податоци врши цензура во овој случај, сметаме дека одлуката била оправдана и пропорционална со целта.

- Друг случај се однесувал на наводите за повреда од страна на веб-портал кој што објавил лажни податоци за приватна компанија (сопственикот на компанијата е Албанец). Сопственикот на компанијата испратил опомена пред тужба до веб-порталот со барање за јавно извинување и повлекување на вака навредливата содржина и клевета. Следствено, веб-порталот само го објавил барањето на компанијата, без какво било извинување, притоа објавувајќи ги податоците на сопственикот на компанијата (адреса, единствен матичен број). Дирекцијата за заштита на личните податоци одлучил дека има повреда на правото на заштита на личните податоци, бидејќи податоците не биле обработени во согласност со законот.

- Веб-портал објавил на својот јавен Facebook профил фотографија на дете (малолетник) заедно со коментари, без претходно знаење и согласност од родителите на детето. Со објавување на податоците е повредено правото на заштита на личните податоци, при што Дирекцијата за заштита на личните податоци образложила дека е забрането да се обработуваат (објавуваат) лични податоци (слики) на веб-портал и на Facebook профил без знаење и согласност на субјектот на лични податоци или неговите родители, односно старатели.

- Укажувањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци до еден дневен весник (до главниот и одговорен уредник) се однесува на фотографија на Градоначалникот на Скопје објавена на насловната страна на весникот. Фотографијата била сликана на плажа, за време на летниот одмор на Градоначалникот. Дирекцијата му укажала на главниот и одговорен уредник дека во овој случај јавниот интерес за објавување на фотографијата не преовладува над приватниот интерес на Градоначалникот, и истовремено, немало согласност од Градоначалникот за објавување на фотографијата. Главниот и одговорен уредник

реагирал на Укажувањето, посочувајќи дека тоа е груб напад врз слободата на изразување и цензура, забранета со Устав, и претставува мешање во уредувачката политика на весникот.

## СУДСКА ПРАКСА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Судската пракса од областа на заштитата на личните податоци и слободата на изразување во Република Македонија е сеуште прилично слаба со оглед на тоа дека бројот на судски предмети е мал. Дирекцијата за заштита на личните податоци до сега била вклучена во само три судски предмети каде било загрозено правото на приватност, а во контекст на медиумското објавување на лични податоци на лицата за кои се известува. Од праксата на Дирекцијата за заштита на личните податоци, судовите во основа ја следат праксата и ставовите на Дирекцијата од аспект на образложението на пресудите. На ова може да се гледа позитивно во смисла на препознавањето на стручноста на Дирекцијата како надлежен орган за спроведување на Законот за заштита на личните податоци, но истовремено ова може да претставува и сигнал за недоволно познавање на областа на заштитата на личните податоци. Специфични се дел од одлуките на судовите кои се засноваат на субјективна перцепција и разбирање на судечкиот судија без целосно разбирање на суштината на обработката на личните податоци.

7

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ



# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Судирот меѓу правото на приватност и правото на заштита на личните податоци, од една страна, како и правото на слобода на изразување и информирање од друга страна е честа појава. Право и должност на државата е да го ограничи правото на медиумите кога претерано влијаат во однос на правото на приватност и заштитата на личните податоци. Заштитата на личните податоци не е поставена само како право кое ја штити приватноста на едно лице туку во голема  мера се однесува и на заштита на приватноста при информирање. Националната правна рамка не ги издвојува интернет медиумите како посебен вид медиуми, а со тоа и не претпоставува посебен вид на ризици по човековите слободи и права.

За унапредување на состојбата, фокусот пред се треба да се стави на:



- Целосна хармонизација  на Законот за заштита на личните податоци и Општата регулатива за заштита на личните податоци
- Законско регулирање на статусот на интернет медиумите, особено во делот на дефинирање на одговорностите пред законите кои ја регулираат заштитата на личните податоци и медиумската работа генерално
- Вметнување на одредби за заштита на личните податоци од страна на медиумите во Законот за медиуми
- Поддршка на медиумите за креирање на интерни процедури за заштита на личните податоци на лицата за кои се известува, а кои ќе претставуваат внатрешно фокусирани алатки кои објаснуваат како медиумите ќе ги почитуваат принципите за заштита на личните податоци и ќе бидат едноставно средство за постигнување на одговорноста

- Детектирање на главните пречки во воспоставувањето на судска пракса во областа на заштитата на личните податоци
- Унапредување на соработката помеѓу Дирекцијата за заштита на личните податоци и невладините организации кои дејствуваат во областа на заштита на човековите права
- Насочени информативни кампањи за подигнување на свеста кај уредниците, новинарите и останатите медиумски работници
- Насочени информативни кампањи за подигнување на свеста кај граѓаните за видовите на нарушување на правото на заштита на личните податоци како и за механизмите за заштита на ова право